**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр. 08-415

Скопје 22.8. 2018г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-415 од 06.08.2018 година, на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година, а согласно Заклучокот, бр.02-3772/3 од 22.08.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 22.08.2018 година, донесе:


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009


## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, покрената со Предлогот Уп1 бр.08-415 од 06.08.2018 година.

### О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, Агенцијата на 25.06.2018 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2018-100-0191 (наш.арх.бр.05-2981/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 324.034,00 (тристадваесет ичетириилјадиитриесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 25.06.2018 година заклучно со 24.06.2019 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 26.06.2018 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот, 05-3508/1 од 27.07.2018 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија"

бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17), односно извршил само делумна уплата во износ од 224.034,00 (двестадваесетичетири илјадиитриесетичетири) денари (уплатата е извршена на ден 27.07.2018 година).

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2018-100-0191 (наш.арх.бр.05-2981/1) беше 27.07.2018 година, во кој рок радиодифузерот не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 33-та седница одржана на 08.08.2018 година, со Заклучок, бр.02-3600/3 од 08.08.2018 година, го усвои Предлогот бр. 08-415 од 06.08.2018 година година на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето, бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип бр.08-902 од 08.07.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 08.08.2018 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис УП1 бр. 08-415 од 08.08.2018 година, со кое беше известен дека доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На ден 21.08.2018 година од страна на Секторот за финансии и логистика, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата до Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставено е Известување, УП1.Бр.08-415, дека Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, на 20.08.2017 година изврши уплата во износ од 100.000,00 (стоилјади) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), со Предлогот Уп1 бр.08-415 од 21.08.2018 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 22.08.2018 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управител на Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Сектор за правни работи;
- Сектор за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.